**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**
**на**
# ОДЛУКАТА
**за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација**

1. Во режимот на континуирано тргување задолжително се распоредуваат следните хартии од вредност:
   - хартиите од вредност кои на денот на утврдување на распоредувањето на хартиите од вредност по режими на тргување се елементи на Македонскиот берзански индекс МБИ10;
   - хартиите од вредност кои на денот на утврдување на распоредувањето на хартиите од вредност по режими на тргување се котирани на Официјалниот пазар на Берзата, на подсегментот Супер котација;
   - обврзници чиј издавач е Република Македонија;.
   - хартиите од вредност кои имаат поддржувач на ликвидност.

2. Освен хартиите од вредност од точка 1 од оваа Одлука, во режимот на континуирано тргување ќе се распоредат и хартиите од вредност кои ги исполнуваат следните критериуми (не земајќи ги предвид блок трансакциите):

   - Просечен дневен број на трансакции - Просечниот дневен број на трансакции за определена хартија од вредност по ден на тргување, во периодот определен во точка 5 од оваа Одлука, да е еднаков или поголем од 0,25;
   - Просечен број на денови на тргување - Бројот на денови на тргување со определена хартија од вредност во однос на вкупниот број на денови на тргување, во периодот определен во точка 5 од оваа Одлука, да е еднаков или поголем од 10%;
   - Обем на тргување - Вкупната вредност на склучените трансакции со определена хартија од вредност, во периодот определен во точка 5 од оваа Одлука, да е еднаков или поголем од 500.000 денари;
   - Длабочина на пазар - Вкупната количина на хартии од вредност на нововнесените налози од куповна и продажна страна, во периодот определен во точка 5 од оваа Одлука, помножена по нивната цена да е еднаква или поголема од 1.500.000 денари.

3. Сите останати хартии од вредност кои не ги исполнуваат условите од точка 1 и точка 2 од оваа Одлука се тргуваат во режимот на аукциско тргување.

4. Хартиите од вредност кои се тргуваат во режимот на аукциско тргување се распоредуваат во три групи.

5. Утврдувањето на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување и распоредот на групи во аукциско тргување се врши четири пати во годината, на 1-ви Март, 1-ви Јуни, 1-ви Септември и 1-ви Декември, при што, при определување на критериумите од точка 2 од оваа Одлука се земаат предвид износите во претходните 3 месеци од датумите на утврдувањето.

6. Објавувањето на распоредот на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување се врши најмалку 5 (пет) дена на тргување пред нивното активирање.

7. Нова хартија од вредност котирана на Официјален пазар, односно регистрирана на Редовен пазар се тргува во режим на аукциско тргување, до првото следно утврдување на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување.

8. Хартијата од вредност за која ќе биде склучен договор за поддржување на ликвидност со членка на Берзата се распоредува во режим на континуирано тргување во рок кој е во согласност со договорот, при што за тоа Берзата ја известува јавноста.

9. Вонредно утврдување на режимот на тргување за определена хартија од вредност може да настане во зависност од динамиката и природата на нејзиното тргување, како и во други случаи.

10. При вонредно утврдување од точка 9 од оваа Одлука, се зема периодот од 3 месеци пред денот на вонредно утврдување.

11. Одлуката стапува во сила и се применува од денот на нејзиното донесување.

12. Одлуката се доставува до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и за истата се известуваат членките на Берзата и јавноста.